ДКСК — KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-839/4
22-03-2022

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 63-та седница одржана на ден 15.03.2022 година донесе

***Одлука***

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на Државната комисија за спречување на корупцијата во предметот со број 08-4884/1 од 30.10.2021 година.

Предметот со број 08-4884/1 од 30.10.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот со број 08-4884/1 од 30.10.2021 година е оформен по сопствена иницијатива.

ДКСК на колегиум одржан на 20.09.2021 година заклучи да изврши проверка во изданијата на Службен весник на РСМ во 2021 година, и да утврди кои лица се избрани/именувани лица односно на кои лица им престанала функцијата и да се направи увид во евиденцијата на ДКСК за да се утврди кои лица не ја исполниле законската обврска за поднесување анкетен лист до ДКСК по избор/именување односно престанок на функција.

ДКСК, од увидот во својата евиденција, констатира дека лицето Димитар Гетов, во законски утврдениот рок по избор на функцијата член на управен одбор на ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија Скопје не поднело анкетен лист со што постапило спротивно на член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на член 114 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК на именуваното лице му издаде и достави прекршочни платни налози.

Од страна на именуваното лице до ДКСК е доставен доказ за уплата на половина на глобата изречена со прекршочни платни налози.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: Б.С., виш соработник
Одобрил: Ш.С.., член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска